РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-457/3
28-05-2025

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 18 -та седница одржана на 21.05.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Предметот заведен под број 09-1883/1 од 08.07.2024 година за проверка на наводите од поднесеното Барање на мислење бр. 09-428/2 од 04.04.2024 година, поради сомневање за постоење на состојба на судир на интереси во постапка за доделување на грант од страна на -------------------, **СЕ ЗАПИРА.**

После утврдување на фактичка состојба, ДКСК заклучи дека не може да се утврди повреда на член 75 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси.

За констатираните состојби по овој предмет кои се однесуваат на доделување средства преку ----------------------, ДКСК одлучи да достави известување до -----------------.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број со бр. 09-1883/1 од 08.07.2024 година е оформен по сопствена иницијатива на колегиум на ДКСК, одржан на ден 04.07.2024 година, за проверка на наводите од поднесеното Барање на мислење бр. 09-428/2 од 04.04.2024 година од страна на -----------------, поради сомневање за постоење на состојба на судир на интереси при потпишување на -------------------, помеѓу ------------- и -----------------, во кое како основач/сопственик се јавува лицето --------------. Од друга страна истото лице заедно со лицата ------------ и ---------- се јавуваат како

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

основачи и сосопственици на --------------. Лицето --------- е ангажирано со Договор на дело во ----------- како извршител на привремени работи за потребите на ------------.

Врз основа на прибавената документација од --------------- е утврдено следново:

---------- на 10.05.2023 година објавил Јавен конкурс ---------------. Согласно Одлука бр. 09-2368/11 од 19.10.2023 година донесена од ------------, ----------- е прогласена за добитна апликација на Јавниот конкурс. Оваа фирма е основана на 09.05.2023 година и како основач/сопственик и управител се јавува лицето ---------. Согласно процедурите на ----------, од страна на вработени лица се врши административна проверка на апликантите кои се прелиминарно одобрени од страна на ------------, меѓу другото од апликантот се бара Информација за поврзани субјекти за физичкото лице-сопственик и Информација за поврзани субјекти за правното лице кое поднело предлог-проект.

Од добиената документација од Централниот регистер на РСМ, при административната проверка во период од 29.09.2023 до 02.10.2023 година е утврдено дека фирмата ------------ и физичкото лице ------------- нема поврзаност со ниту едно вработено или ангажирано лице во ------------.

По спроведената административна проверка е потпишан Договор за ------------. Поради наводи во јавноста дека фирмата ------------ е поврзана со лицето --------------, ангажирано со договор за дело од 30.12.2022 година како извршител на привремени работи за потребите на -------------------, бидејќи ова лице заедно со лицата ---------- и ------------ се јавуваат како основачи и сооснивачи на Друштвото ----------------- кое е основано на ден 25.10.2023 година, -------- се обраќа до ДКСК за барање на мислење дали постои судир на интереси. На документот за административна проверка од 02.10.2023 година лицето ------------- е потпишано во својство на координатор согласно Решение за формирање на Комисија за административна проверка на апликации селектирани за проверка од --------------- по ЈАВЕН ПОВИК ------------ бр.01-1704/5 од 13.04.2021 година. Истиот има поднесено изјава дека нема судир на интереси во спроведувањето на оваа постапка. Во однос на поднесената Информација за поврзани субјекти од страна на -------------, истата е од 29.09.2023 година, време кога не била формирана фирмата --------------- (каде сопственици се ------------- и --------------).

Понатаму, кога ДКСК доставува известување до ------------ за потребата од повторување на административната проверка во однос на финансирањето на предлог проектот на фирмата ---------------, лицето ---------------- не се јавува во својство на координатор, односно го нема воопшто на тој документ и не е приложена нова Информација за поврзани субјекти на фирмата добитник на средства од ---------- со вработени и ангажирани лица во -------------.

Во однос на доказ за поврзани субјекти за физичко лице од ЦРМ при повторна административна проверка која е побарана од ДКСК, не е прибавен наведениот документ, од причина што истиот бил доставен на ден 02.10.2023 година од ------------, при првата административна проверка, што значи дека истиот документ е земен во предвид, иако има новонастаната фактичка состојба.

При повторната административна проверка, --------- нема донесено ново решение за формирање на Комисија за административна проверка на апликации селектирани за проверка од -----------по ЈАВЕН ПОВИК ------------------------ бр.01-1704/5 од 13.04.2021 година, до ДКСК е доставено старото Решение со БР. 09-2133/7 од 27.09.2023 година, каде Координатор на комисијата е именувано лицето ----------------.

Согласно погореспоменатото решение, Координаторот, односно заменик на координаторот има обврска да се потпише на сите чек листи на апликациите за административна проверка. При повторната административна проверка не е испочитуван овој член од Решението, односно ниту Координаторот -----------, ниту заменикот на координатор не се потпишани на истите.

До ДКСК не е доставен доказ лицето ---------- се изземало од постапката, туку само во дописот бр. 09-1883/4 од 24.09.2024 година кој е доставен до ДКСК од страна на новиот ВД директор на ------------, е констатирано дека е изземено лицето, односно нема нова изјава за постоење на/непостоење на судир на интереси при повторна административна проверка за споменатиот грант. Од тие причини, затоа што службеното лице ------------- не се потпишал при повторна административна проверка, односно во дописот од ------------ укажуваат дека не учествувал во постапката, ДКСК не може да поведе постапка за утврдување на состојба на судир на интереси согласно член 77 од ЗСКСИ.

Со оглед на ново настанатата состојба, односно основањето на Друштвото ------------- кое е основано на ден 25.10.2023 година, каде како основачи и соосновачи се јавуваат ------------ (сопственик на фирмата која ја добила апликацијата од ------------), заедно со лицата ------------- (координатор во ----------) и --------------, ----------- при повторна административна проверка спроведена на 03.04.2024 година, не може да ја земе во предвид изјавата за постоење/непостоење на судир на интереси на лицето ------------- дадена на 12.07.2023 година.

ДКСК достави барање до ---------- за тоа дали од страна на ---------- е оформен предмет во однос на: Јавен конкурс ------------ од страна на ------------ на 10.05.2023 година, како и по однос на потпишување на Договор -------------, помеѓу ----------- и Друштвото-----------------.

------------- достави одговор со информација дека веќе постапуваат по кривична пријава доставена од ------------ против поранешниот директор ------------ и ---------- членови на ---------, за доделување на средства преку ----------------, поради што ДКСК одлучи да достави известување за констатираните состојби по овој предмет кои се однесуваат на доделување средства преку ----------------------.

Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Заменик Претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

По заклучок од седница на ДКСК
Изготвил: м-р С.М – советник
Контролирал: К.З – раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р. - член на ДКСК